**20101553266**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 18-а став 2 од Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08 и 72/10), министерот за внатрешни работи, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОСТАВОТ НА КОМИСИИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ЗА ПРОБНИ ИСПУКУВАЊА, НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ПРОБНИ ИСПУКУВАЊА И ЗА ЧУВАЊЕТО НА ЧАУРИТЕ ОД ОРУЖЈЕТО ОД КОЕ Е ИЗВРШЕНО ПРОБНО ИСПУКУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за составот на комисиите на Министерството за внатрешни работи за пробни испукувања, начинот на вршење на пробни испукувања и за чувањето на чаурите од оружјето од кое е извршено пробно испукување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/09) членот 4 се менува и гласи:

„Пробните испукувања се вршат во објекти (стрелишта) кои:

- за свои потреби ги користи Министерството за внатрешни работи или
- за свои потреби ги користат Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија или
- ги исполнуваат условите предвидени во прописот за минималните технички и безбедносни услови што треба да ги исполнуваат објектите на цивилните стрелишта.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 141-91057/1
18 ноември 2010 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.